Архивски број: 08 - 83/5
09 -02- 2022 година

Постапувајќи по службена должност во согласност со членот 23 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) инициираше постапка против Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) за дискриминација на поголема група на граѓани по основ на здравствена состојба во областа на заштита на лични податоци во здравствената заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 09.02.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз поголема група на граѓани врз основа на здравствена состојба во областа на заштита на лични податоци во здравствената заштита од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 02.02.2022 година во дневен печат излезе вест „Позитивните на КОВИД-19 од денеска со име, презиме и адреса на сајтот на ДСЗИ“. Веста понатаму образложува дека новите позитивни на КОВИД-19 нема веќе да добиваат хартиено решение за изолација, туку имињата на новите позитивни ќе бидат објавувани на веб страната на ДСЗИ. Веродостојноста на оваа информација, КСЗД ја потврди преку преглед на заклучоците од 10-та седница на Владата на Република Северна Македонија. На оваа седница Владата донела заклучок дек ќе има нов начин на доставување на решенијата за изолација на ново заразените со КОВИД-19. Според новиот предлог, решенијата лицата кои треба да бидат во изолација ќе ги објавуваат на веб страната на ДСЗИ и дополнително во Службен весник.

Имајќи во предвид дека јавното објавување на личните податоци на новите позитивни на КОВИД-19 може да создаде пракса на разликување, исклучување и ограничување на правата и слободите на лице или група на лица на еднакво основ со другите, КСЗД одлучи по службена должност од сознание по допрен глас во согласност со член 23 став 4 да покрене постапка.

За да се утврди фактичката состојба, КСЗД на 03.02.2022 изврши физички увид во канцелариите на ДСЗИ и се сретна со главната инспекторка која ни посочи дека директорката не е во канцелариите. На инспекторката и беше образложено дека јавното објавување на решенијата за изолација а со тоа и личните податоци на новозаболени од КОВИД-19 може да се третира како дискриминација. Но, за додатно да се образложи новиот систем на доделување на решенија за изолација КСЗД и ДСЗИ закажаа работна средба.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Работната средба се одржана на 04.02.2022 во просториите на КСЗД. На средбата директорката и главната инспекторка на ДСЗИ дадоа детално образложение за потребата од воспоставување на нов систем на доделување на решенија за изолација. Образложениeто беше во насока на причините кои довеле до размислување и изнаоѓање на нови начини за достава и процесирање на решенијата за изолација на утврдени позитивни на КОВИД-19. Директорката објасни дека подготовката на Решенијата за изолација е обемна работа со оглед на растечкиот број на позитивни лица и намалувањето на бројот на деновите за изолација. Суштински проблемот лежи во застарениот систем на изготвување и доставување на решенијата за изолација.

Директорката истакна дека голем број на граѓани не користат електронска пошта а доставата по традиционална пошта е најчесто неуспешна. Таа исто така посочи дека пробале да доставуваат решенија и преку апликацијата Вибер, но дел од граѓаните ја изигруваат оваа можност со тоа што ги блокирање броевите или пак оставаат погрешни телефонски броеви. На крајот од средбата од ДСЗИ посочија дека за одлуката за креирање на нов систем на доделување на решенија за изолација ги консултирале стручната правна јавност, катедрата за управно право на Државниот универзитет, како и Агенцијата за заштита на личните податоци.

На крајот од работната средба КСЗД посочи дека ќе го следи процесот на воспоставување на новиот систем на доделување на решенија за изолација. На 08.02.2022 година до КСЗД на службениот емајл стигна известување од ДСЗИ дека новиот систем е веќе воспоставен и дека преку платформата vakcinacija.mk граѓаните ќе можат да се логираат на личниот профил и од таму самите да си го извлечат решението за изолација. Тоа значи дека податоците за ново заразените од КОВИД-19 нема на бидат јавно достапни, со што нема да се изврши повреда на одредбите од Законот за заштита на личните податоци и Законот за заштита Законот за заштита на правата на пациентите. Ова значи дека нема да се изврши разликување, исклучување и ограничување на правата и слободите на лице или група на лица на еднакво основ со другите. Затоа, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
09.02.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk